РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5849/1 од 18.12.2023 година, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување на службени лица во --------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што самиот подносител наведува дека во тек се води кривична постапка пред надлежни органи.

Предметот со број 12-5849/1 од 18.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител ------------ од Скопје, преку електронска пошта на ден 18.12.2023 година, поднесена е пријава против вработени лица во ----------- и оформен е предмет број 12-5849/1 од 18.12.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во --------- службени лица ја злоупотребиле својата службена положба и овластување, со што директно влијаеле странското правно лице „-----------", содружник во ------------ да изврши промена на договорот за основање на друштвото без соодветно полномошно. Имено, полномошното било прифатено и спроведено по барањето за промена на договорот за основање на друштвото. Меѓутоа, по жалба на странското правно лице до второстепена комисија, која ја усвоила жалбата, случајот бил вратен на повторно одлучување. Во меѓувреме, на лицето --------------, која ја спроведувала постапката, и било одземено полномошното, и ----------- бил известен за тоа. Неспроведувајќи ги овие факти, ----------- повторно побарал полномошно за спроведување на измените на договорот за основање на друштвото. Иако полномошното не било доставено во рокот од 5 дена, после 15 дена била доставена изјава, на основа на која повторно била спроведувана истата постапка.

Подносителот изразува сомневање дека во овој случај инволвирани биле повеќе лица, вклучувајќи ги -------------, -------------, -------------, ------------------, -------------, ------------, ---------------, ------------ и други лица. За спроведување на ова постапка подносителот

наведува дека вработени лица во ---------------- земале сума од 15.000 евра од лицата ----------------- и ------------- и дека во моментот се води кривична постапка против нив.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата нема елементи за надлежно постапување поради тоа што самиот подносител наведува дека во тек се води кривична постапка што наводно земале сума од 15 илјади евра а исто така во тек се води постапка пред надлежна второстепена комисија.

Врз основа на наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О
Одобрил: В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**